# Мониторинг бриф за месец декември 2016 г. од следењето на Поглавјето 23 - правосудство, борба против корупција и темелни права

**I ПРАВОСУДСТВО**

**Непристрасност**

**1. Основен Суд Скопје 1 – по втор пат одбиено барање на СЈО за издавање наредба за претрес на системи кај телекомуникаски оператор**

Јавното обвинителството за гонење кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите (СЈО) соопшти[1] дека Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 составен од судиите Владимир Панчевски како претседател на советот и судиите Дијана Груевска Илиевска и Љубинка Башевска, како членови на советот и по втор пат одби да издаде наредба за пребарување на компјутерските системи кај телекомуникацискиот оператор, потврдувајќи ја несогласноста која ја изразил судијата на претходна постапка.

Според СЈО, Судот го користи истото образложение за наводно нејасно и непрецизно барање, иако во барањето јасно е наведено дека се бараат компјутерски податоци складирани во сервери, а кои се однесуваат на записи од кои може да се утврди кои се́ телефонски броеви биле предмет на следење на комуникациите. Според СЈО, Судот тврди дека уредите за кои е побаран претресот „се сервери кои се преносливи, односно се уреди кои можат да ја променат својата моментална локација“, без да каже на кои докази го базира ваквото становиште. Тие потсетуваат дека претходната наредба за пребарување на компјутерски системи беше одбиена токму поради нејзина наводна непрецизност околу локацијата на серверите на кои е потребно да се изврши претрес, па нејасно е зошто Судот го менува ставот околу потребата од дефинирање на локацијата каде се наоѓаат серверите. Судот не ја демантираше одлуката ниту пак објави соопштение на официјалната веб страница.

**Независност**

**1. Судски совет**

**На 240-та седница,**[2] Судскиот совет донесе Одлука со која за вршител на должност – претседател на Врховен суд ја определи Снежана Бајлазова, судијка во Врховниот суд. За вршител на должност – претседател на Основен суд Скопје 1 е определена Татјана Михајлова, судијка во Основен суд Скопје1.

[1] http://www.jonsk.mk/2016/12/02/судот-повторно-одби-да-издаде-наредба-з/
[2] http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=479



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

Донесен е и Заклучок по иницијативата на судијата Владимир Туфегџиќ од 28.11.2016 година за преиспитување на Одлуката за вонредно оценување на кандидатите за претседатели на Врховен суд, Апелациониот суд Штип, Основниот суд Скопје 1 и Основниот суд Тетово. Според Судскиот совет, инцијативата е неоснована.

**На 241-та седница**[3] донесени се одлуки за вонредно оценување на кандидатите за претседател на Основен суд Скопје 1.

**На 242-та седница**[4] донесени се одлуки за вонредно оценување на кандидатите за претседател на Врховен суд на Република Македонија, Апелационен суд Штип и Основен суд Тетово.

**Судска Служба**

**Синдикат на Работниците од Управата, Правосудните Органи и Здруженијата на Граѓани на Република Македонија (УПОЗ)**

УПОЗ објави соопштение[5] во кое е наведено дека на седницата на Претседателството на Синдикатот на УОПЗ одржана на 21.12.2016 година, едногласно била донесена одлука за исклучување на поранешниот претседател на Сојузот на Синдикатите на Македонија (ССМ) Живко Митревски од членство во Синдикатот на УПОЗ. Според УПОЗ, Одлуката од седницата на Претседателството на Синдикатот била донесена од причина што Живко Митревски како член на Синдикатот на УПОЗ, подолг временски период постапувал спротивно на Статутот на Синдикатот на УПОЗ, не ги почитувал одлуките донесени од органите и телата и деструктивно делувал и влијаел врз останатите членови на Синдикатот.

**Компетентност**

**Академија за судии и јавни обвинители - Обуки за адвокати и судии и судски советници за жалбите пред ЕСЧП поврзани со правото на сопственост**

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, во соработка со Министерството за правда во рамките на Твиниг проектот на Латвија и Хрватска „Зајакнување на владеењето на правото“ организираше две еднодневни **Обуки за адвокати и судии и судски советници за жалбите пред ЕСЧП, како и тековната судска пракса на ЕСЧП во поглед на член 1 од Протокол 1 (право на сопственост).**[6]

---

[3] http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=481
[4] http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=483
[5] http://www.upoz.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=420:2016-12-23-11-57-14&catid=1:latest-news
[6] http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/--o-----oe----------------1---1



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

**Јавно обвинителство на Република Македонија**

**Предмети поврзани со изборни нерегуларности за време на Предвремените парламентарните избори**

ЈОРМ соопшти дека ги следи случувањата и објавите во врска со организирањето и спроведувањето на изборите на 11 декември 2016 година.[7] Формирана Комисија за следење на изборните нерегуларности со задача да постапува во сите настани каде постојат индиции за сторени кривични дела поврзани со изборите. Според ЈОРМ, оформени се вкупно 42 предмета. Од нив 20 предмети се оформени по службена должност по допрен глас по наводите објавени во медиумите, на порталите и на социјалните мрежи. 3 предмети се оформени по кривични пријави поднесени од физички лица. 19 предмети се оформени по поднесоци доставени од здруженија на граѓани, политички партии и институции.

## II БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

**Претрес во домот на началник во кумановската полиција**

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција информираше дека на 13.12.2016 година во рамки на предистражна постапка, извршен е претрес на дом на лицето С.В. во Куманово, началник во СВР Куманово.[8] Наредбата за претрес на дом е издадена од страна на Судија на претходна постапка од Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1. Цел на претресот била пронаоѓање траги на кривично дело или предмети важни за кривичната постапка и нивно одземање. Одземени се предмети што содржат податоци во писмена форма и предмети што содржат податоци во електронска форма, во врска со кривични дела – Злосторничко здружување од чл.394 и Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од Кривичниот законик, како и други кривични дела за кои се гони по службена должност.

## III ТЕМЕЛНИ ПРАВА

**Владеење на правото – Избирачко право**

Во однос на владеењето на правото, сите очи во земјата беа вперени кон изборниот процес и конкретно изборниот ден. Во тој контекст, според МВР изборите поминале помирно од претходни

---

[7] http://jorm.gov.mk/?p=3715
[8] http://jorm.gov.mk/?p=3748



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

циклуси, со помали и изолирани инциденти.[9] Секторот за внатрешни работи Скопје поднел две кривични пријави за сторени две кривични дела „уништување на изборни исправи“ против две лица од Скопје.

Биле обезбедени материјални докази и во тек е документирање на пет кривично правни настани на подрачје на СВР Струмица (Валандово и Струмица), СВР Велес (Кавадарци), СВР Куманово и СВР Битола за кривичните дела „повреда на тајност на гласање“, „повреда на слободата на определување на избирачите“, „спречување на избори и гласање“, „уништување на изборни исправи“, „насилство“ и „оштетување туѓи предмети“.

Се постапувало и по 38 настани (Скопје-20, Битола-5, Велес-5, Струмица-4, Велес-2 и Тетово-2). Од овие предмети 7 се за наводен поткуп, 14 се за агитирање околу избирачките места и организирано носење гласачи, 5 за фотографирање на гласачко ливче, додека останатите се однесуваат на обид за полнење кутии и навреда на заменик член на Избирачки одбор. По преземени мерки од страна на полицијата за 22 настани било утврдено дека нема докази за такви настани.

**Слобода на изразување и плурализам во медиумите**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше активна во однос на мониторирање на предизборниот период и изборното медиумско претставување. Спроведени се значителен број на надзори врз работата на повеќе медиуми, вклучително и на Македонската радиотелевизија и други комерцијални национални и локални телевизии и радија.[10]

Агенцијата во повеќе случаи констатирала прекршувања на Изборниот законик, најчесто одредби од членовите 75 и 76 (покривање на изборниот процес на правичен, избалансиран и непристрасен начин и означување на политичкото рекламирање како „платено политичко рекламирање"), како и прекршувања на Законот за медиуми. По поднесените извештаи од мониторингот, Привремената комисија за следење на медиумското претставување (ad hoc тело формирано за време на изборниот процес) поднесе предлози за постапување врз основа на кои Агенцијата поведе прекршочни постапки против радиодифузерите, изрекувајќи опомени и глоби на радиодифузерите кои ги прекршиле одредбите на законот. По завршувањето на прегласувањето во с. Теарце и формалното завршување на изборниот процес, Агенцијата донесе одлука за распуштање на Привремената комисија.[11]

**Народен правобранител**

Во декември 2016 година беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија – ЛГБТИ Центар за поддршка и Народниот

---

[9] http://www.mvr.gov.mk/vest/3176
[10] http://www.avmu.mk/
[11] http://www.avmu.mk/images/Odluka_za_prestanok_na_mandat_na_Privremenata_komisija.pdf



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

правобранител на Република Македонија.[12] Целта на соработката е зајакнување на регионалните капацитети на Народниот правобранител во областа на човековите права и слободи на ЛГБТИ луѓето, како и зголемувањето на правната сигурност и механизмите за заштита на правата на ЛГБТИ заедницата на територијата на Република Македонија.

Народниот правобранител одржа дводневен тематски состанок на тема „Улогата на омбудсманот во заштитата на децата бегалци/мигранти, со поддршка на организацијата „Save the Children“.[13] Според Народниот правобранител, г. Иџет Мемети „Во услови на непочитување на фундаменталните човекови права наша обврска беше гласно да говориме за тоа и да бараме од властите политиките и законите да бидат прилагодени, односно да одговараат на инструментите за заштита на детето, посебно на Конвенцијата за правата на детето, хуманитарното и бегалското право.“

**Право на приватност и заштита на личи податоци**

Според СЈО, секојдневно расте бројот на барања кои граѓаните ги упатуваат до нив, а се однесуваат на незаконски следени телефонски броеви. До декември пристигнати се вкупно 81 барање со кои граѓаните се интересираат дали нивните телефонски броеви биле предмет на незаконско следење на комуникациите. Барањата се однесуваат за вкупно 245 телефонски броеви.

---

**Исправка на Мониторинг бриф за месец ноември 2016 година од следењето на Поглавјето 23 - Правосудство, борба против корупција и темелни права**

Во минатомесечниот Мониторинг бриф беше наведено дека со надзорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги биле опфатени 18 програмски сервиси. По реакција на Агенцијата,[14] вршиме исправка на овој податок кој се однесуваше единствено на периодот од 11 до 20 ноември, но не и на периодот од 1 до 10 ноември. Дополнително, ги вклучуваме и податоците за периодот од 21 до 30 ноември (објавен од Агенцијата во декември 2016 година).

Според Агенцијата, со почетокот на кампањата – 21 ноември, примерокот за мониторинг се зголемил и опфатил 5 програмски сервиси МРТ и 106 комерцијални програмски сервиси. Третиот десетдневен извештај од мониторингот, за периодот од 21 до 30 ноември 2016 година опфатил 22 програмски сервиси. Привремената комисија, до Агенцијата, во ноември доставила вкупно 49 предлози за постапување. По предлог на Привремената комисија, Агенцијата за прекршоци сторени по првпат, покренала 8 прекршочни постапки за изрекување прекршочна санкција - опомена и 6 прекршочни постапки за изрекување прекршочна санкција - глоба, за повторени прекршоци.

[12] http://ombudsman.mk/MK/aktivnosti/231373/potpishan_memorandum_za_sorabotka_pomegju_kancelarijata_na_narodniot_pravobranitel_i_lgbt_centarot.aspx
[13] http://ombudsman.mk/MK/aktivnosti/231375/narodniot_pravobranitel_odrzha_dvodneven_tematski_sostanok_na_tema__ulogata_na_ombudsmanot_vo___.aspx
[14] АВМУ, Барање за исправка на информации, бр. 03-388/1 од 13.01.2016 година.



Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.